интерпромет
а. д.
Бр. 0201-171/1
12.04.2021 год.
ТЕТОВО

# ЗАПИСНИК

за одржаното Годишно собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово
на ден 12.04.2021 година, во 11:00 часот, во просториите на друштвото

Во самиот почеток на работата на седницата, точно во 11:00 часот, со цел да поцелисходно тече работата на собранието на акционерите, овластениот на доминантниот акционер Фадил Алили, лицето Арсим Мехмети, адвокат од Тетово, најпрво го утврди бројот на присутните акционери односно застапници на акционери и бројот на акции кои тие ги претставуваат, а се обични акции со право на глас.

Овластениот на доминантниот акционер Арсим Мехмети од списокот на присутни акционери констатира дека на Собранието присуствуваа 2 (двајца) акционери, односно застапнници на акционери кои претставуваат 58.952 обични акции со право на глас од вкупно 69.659 обични акции со право на глас што претставува 84.63 % проценти од вкупниот број на акции на друштвото со право на глас на Собранието и дека има кворум и услови за работа.

Пред да пристапиме кон утврдување на предложените точки од работниот дел на дневниот ред, согласно одредбите од Законот за трговските друштва, предлагам да биде избран претседавач на оваа Собрание, записничар, двајца заверувачи на записникот како и бројач на гласови, истакна адвокатот Арсим Мехмети.

Потоа Мерџан Цека, застапник на акционерот Харун Тхачи, се јави за збор и истиот предложи за претседавач на денешното собрание да биде избран лицето Арсим Мехмети, адвокат од Тетово.

По овој предлог, „ЗА„ гласаа двајцата присутни акционери односно застапници на акционери што претсавуваат 84.63% од вкупните акции од 69.659 акции со право на глас.

Откако беше избран за Претседавач на денешното Собрание, адвокатот Арсим Мехмети од Тетово, предложи:

- за записничар да биде лицето Арбен Велиу,
- за заверувачи на записникот Вјекослав Сучија и Аднан Ќазими, и
- за бројач на гласови Виолета Силјановска, сите предложени од страна на мнозинскиот акционер, односно застапникот на мнозинскиот акционер Фадил Алили.

За овој предлог „ЗА„ гласаа 2 (двајца) акционери, односно застапници на акционери кои претставуваат 58.952 акции односно 84.63 % од вкупниот број на акции од 69.659 акции со право на глас.

Потоа од страна на Претседавачот беше предложено да се работи по следниот

ДНЕВЕН РЕД

2. Усвојување на Записник Бр. 0201-474/1 од 30.09.2020 год., од Собрание на акционери одржано на ден 30.09.2020 година,
3. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2020 година, како и Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот на ревизијата на годишната сметка за 2020 година,
4. Предлог- Одлука за распределба на добивката остварена во финансиската 2020 година,
5. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за работењето на друштвото и органите на управување на друштвото со Предлог-Одлука за одобрување на работата на органите на управување на друштвото,
6. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење Ревизија на годишната сметка и финасиските извештаи на друштвото за 2021 година,
7. Предлог-Одлука за Потврдување на одлуките донесени од страна на Управниот одбор на друштвото и
8. Предлог-Одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда.

Со 84.63 % предложениот дневен ред беше УСВОЕН.

ТОЧКА 2

По втората точка од дневниот ред, Усвојување на Записникот Бр. 0201-474/1 од 30.09.2020 год., од Собрание на акционери одржано на ден 30.09.2020 година, претседавачот отвори расправа.

Откако за збор не се јави никој, преседавачот Записникот од претходното собрание го стави на гласање:

„ЗА„ гласаа двајца 2 (двајца) застапници на акционери со 58.952 или 84.63 % од вкупниот број на акции.

Врз основа на резултатите на гласањето, Претседавачот констатира дека Собранието со 58.952 акции гласа ЗА, го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

Записникот од одржаното собрание на акционери Бр. 0201-474/1 од 30.09.2020 година, СЕ УСВОЈУВА без никакви забелешки.

ТОЧКА 3

По третата точка од дневниот ред, материјалите од дневниот ред биле доставени на увид во благајната на друштвото за подетално пообјаснување на извршената ревизија на годишната сметка и финансиското работење на друштвото за 2020 година.

Претседавачот го повика овластениот ревизор односно претставникот на ревизорската куќа БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово Наташа Трифуновска, да го образложи на кратко извештајот на изврашната ревизија на годишната сметка на друштвото за деловната 2020 година.

Претстаникот на ревизорот истакна дека ревизијата е направена врз основа на податоците искажани во годишната сметка на друштвото и на доставените податоци од целокупната

финансиска документација за деловната 2020 година. Истата истакна дека во суштина е позитивен и друштвото за 2020 година има остварено нето добивка од работењето во нето износ од 577.347,оо денари.

Со оглед дека не се јави никој за дискусија, Претседавачот на Собранието Предлог – Одлуката за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2020 година, го стави на гласање:

Од присутните акционери, односно застапници на акционери со право на глас, „ЗА„ гласаа 2 (двајца) доминантни акционери со 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции.

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА
за одобрување и усвојување на Годишната сметка на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово за 2020 година

Одлуката е составен дел на овој Записник, како и

ОДЛУКА
за одобрување и усвојување на Извештајот на ревизијата на годишната сметка за 2020 година

Одлуката е составен дел на овој Записник.

ТОЧКА 4
По четвртта точка од дневниот ред, Претседавачот отвори расправа

Откако никој не се јави за збор, претседавачот на Собранието предложи од добивката остварена во деловната 2020 година во износ од 577.347,оо да се покријат загубите од минатите години.

„ЗА„ гласаа 2 (двајца) акционери односно застапници на акционери кои претставуваат 58.952 акции со право на глас односно 84.63 % од вкупно 69.659 акции.

Со оглед од резултатот на гласањето, Претседавачот констатира дека Собранието на акционери ја донесе следната

ОДЛУКА
за распределба на добивката на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово остварена во финансиската 2020 год.

Одлуката е составен дел на овој записник.

ТОЧКА 5
По петтата точка од дневниот ред, Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за работењето на друштвото и органите на управување на друштвото со Предлог-Одлука за одобрување на работата на органите на управување на друштвото, Претседавачот отвори расправа за усвојување на извештајот и за одобрување на работата на органите на управување на друштвото.

Како за збор не се јави никој, претседавачот на Собранието точката ја стави на гласање:

„ЗА„ гласаа 2 (двајца) акционери односно застапници на акционери со вкупно 58.952 акции со право на глас, односно 84.63 % од вкупно 69.659 акции.

По резултатот на гласањето, Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната

О Д Л У К А
за усвојување на Извештајот за работата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово
и органите на управување на друштвото за 2020 година

Потоа се помина на поединечно гласање и одобрување за работата на сите членови на органите на управување на друштвото:

за членовите на НАДЗОРНИОТ ОДБОР, и тоа:

за членот Шабан Амити „ЗА„ гласа 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции,
и за сите други членови на НО
Славица Костадиновска
Виолета Сиљановска
Даут Букла и
Харун Тхачи, „ЗА„ гласаа 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции.

Потоа за членовите на УПРАВНИОТ ОДБОР, и тоа:

за членот Билал Љутвии „ЗА„ гласаа 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции,
и за сите други членови на УО
Ерџан Сулејмани
Идриз Цеќа
Махир Исмаиљи и
Фадил Мемиши, „ЗА„ гласаа 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции.

Од спроведеното гласање, Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на работата на членовите на НО и на УО на друштвото за 2020 година

ТОЧКА 6
По шесттата точка од дневниот ред, Претседателот на Управниот одбор на друштвото истакна дека вообичаено за ангажирање на ревизорска куќа за вршење на ревизија на финансиските извештаи на друштвото, СЕ ЗАДОЛЖУВА Управниот одбор на друштвото да избере 3 (три) најдобри понуди.

Бидејќи за дискусија не се јави никој од присутните акционери со право на глас, „ЗА„ предлогот за донесување на ЗАКЛУЧОК за ангажирање на ревизорска куќа за вршење на ревизија на финансиските извештаи на друштвото за 2021 година, гласаа 2 (двајца) присутните доминантни акционери, односно застапници на акционери со 58.952 односно 100% акции (гласа) од присутните акционери на Собранието.

Собранието го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

СЕ ОДОБРУВА ангажирање на овластена ревизорска куќа за вршење на ревизија на финансиските извештаи на друштвото за 2021 година.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да врши избор на ревизорска куќа на начин што претходно ќе спроведе постапка за избор на ревизорска куќа врз основа на собирање на најмалку 3 (три) понуди, и да се избере најповолната понуда.

ТОЧКА 7

По седмата точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието зборот му го даде на Генералниот директор на друштвото Билал Љутфии кој истакна дека пандемијата со вирусот COVID 19 која започна во 2020 година за жал продолжи и во 2021 година. Оваа криза, почнувајќи првично како здравствена криза, предизвика огромна економска штета во работењето на компаниите во државава па и во нашето друштво.

Во текот на деловната 2020 година, до друштвото биле доставени одредени барања од страна на закупците за намалување или за ослободување од плаќање на закупнината за одреден период. Разгледувајќи ги доставените барања и решавајќи по истите, Управниот одбор на своите седници донел одлуки за намалување односно за ослободување од плаќање на закупнината за одреден период и од тука предлагам Собранието на денешната седница да донесе Одлука со која ќе се потврдуваат одлуките донесени од страна на Управниот одбор на друштвото.

Со оглед дека не се јави никој друг за дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието Предлог-Одлуката за Потврдување на одлуките донесени од страна на Управниот одбор на друштвото го стави на гласање:

„ЗА„ гласаа 2 (двајца) застапници на акционери со 58.952 или 84.63 % од вкупниот број на акции.

По резултатот на гласањето, Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА

за потврдување на одлуките на Управен одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово
за ослободување од плаќање на закупнина

Одлуката е составен дел на овој Записник.

По гласањето, продолжи со дискусијата директорот на друштвото кој предложи денешното собрание да донесе ЗАКЛУЧОК со кој органите на друштвото да ги имаат предвид новите барања на закупците за намалување односно ослободување од плаќањето на закупнината од причина што состојбата со пандемијата и понатака продолжува и истите да донесуваат соодветни одлуки.

Бидејќи немаше никој против по оваа барање за донесување на заклучок со кој Управниот одбор на друштвото може да донесе соодветни одлуки по однос на барањата доставени од страна на закупците за намалување односно одлободување од плаќање на закупнината, со 58.952 акции или 84.63 %, заклучокот беше УСВОЕН.

ТОЧКА 8

По осмата точка од дневниот ред, Претседавачот отвори расправа и за збор се јави Претседателот на Управниот одбор односно Генералниот директор на друштвото кој меѓу другото истакна дека

врз основа на Одлуката за стекнување на сопствени акции Бр. 0201-481/1 од 20.09.2019 година, донесена од Собранието на акционери на ИНТЕПРОМЕТ АД Тетово на ден 20.09.2019 година, тие акции се купени по цена од 1.500 денари па од тука сум во мислење дека собранието на денешната седница треба да донесе Одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда со поголема цена од која што се купени акциите, што е во корист на друштвото.

Бидејќи никој не се јави за збор по оваа последна точка од дневниот ред, Претседавачот, Предлог-Одлуката за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда го стави на гласање:

Од присутните акционери, односно застапници на акционери со право на глас, „ЗА„ гласаа 2 (двајца) доминантни акционери со 58.952 акции со право на глас или 84.63 % од вкупниот број на акции од 69.659 обични акции со право на глас.

По резултатот на гласањето, Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната

О Д Л У К А
за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда

Одлуката е составне дел на овој Записник.

СЕ ОВЛАСТУВА Претседателот на Управниот одбор односно Генералниот директор на друштвото да почне со постапката за спроведување на оваа одлука.

По завршувањето на гласањето Претседавачот објави дека дневниот ред е исцрпен, а Собранието заврши со работата во 12:00 (дванаесет) часот.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово

ЗАПИСНИЧАР
Арбен Велиу

ПРЕТСЕДАВАЧ
Арсим Мехмети

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1

ЗАВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИКОТ

Вјекослав Сучија_______________

Аднан Ќазими_______________